**20101713752**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 3 декември 2010 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во членот 5 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот Правилниот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2010), броевите „31.12.2010“ се заменуваат со броевите „31.12.2011“.

Член 2

Алинеите 1 и 6 од образецот на барањето бр 2 од член 4 и алинеите 1 и 6 од образецот на барањето бр 3 од член 5 на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот Правилниот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2010) ќе се променуваат до моментот воспоставување на целосна електронска комуникација помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Управата за јавни приходи.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-17835/5<br>3 декември 2010 година<br>Скопје

Управен одбор<br>Претседател,<br>**Елена Трпковска**, с.р.